**ЗАПИСНИК**
**од 22 - та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 25.06.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи (учество на конференција), м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна, породилно отсуство).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева Алексовска, Маја Дамевска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Костова од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14 часот и 10 минути и се одржа во просториите на Агенцијата.

Предлози за измена и дополнување на дневниот ред не беа предложени.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за", го усвои следниот:

**Дневен ред**

1. Усвојување на Записникот од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.06.2015 година.

2. Предлог - Одлука за промена на седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.06.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог - Одлуката за промена на седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека заради потребата од промена на седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради селидба во новите деловни простории - административниот објект „Палата Панко Брашнаров" – Скопје – Центар, Агенцијата до Град Скопје - Одделението за други комунални работи при Секторот за комунални работи достави

Барање информација за адресата (улица и број) на која се води административниот објект „Палата Панко Брашнаров". На ден 23.06.2015 година, Градот Скопје – Сектор за комунални работи, до Агенцијата достави Уверение бр.5397/1 од 23.06.2015 година во кое е наведено дека предметниот објект што се наоѓа во/на КП. 13521/3 КО Центар 1 е на: ул.„Македонија" и носи број 38 Скопје. Следствено на тоа, потребно е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Централниот регистар на Република Македонија да го промени своето седиште, така што постојното седиште на Агенцијата на Булевар „ВМРО" бр.3, да се замени во: Улица „Македонија" бр.38, Скопје.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-4185/1 од 24.06.2015 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука со која се врши промена на седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, така што постојното седиште на Агенцијата на Булевар „ВМРО" бр.3, Скопје – Центар, се менува во: Улица „Македонија" бр.38 Скопје.

**Точка 3**

Разно.

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог - Одлуката за доделување дозвола на ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, за телевизиско емитување на програмски сервис преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво. Објасни дека радиодифузерот ја менува дозволата од економски причини, а доставената документација е проверена од Стручната служба и е во согласност со законот и подзаконските акти. Претходно барањето неколку пати било враќано до подносителот, бидејќи документацијата не била пополнета согласно законот и од таа причина материјалот за точката е дополнително доставен за седницата. Во својата дискусија рече дека во сите региони во Република Македонија, се уште постои најмалку една телевизија која зрачи терестријално. Но, постои и друг аспект, истражувањата што ги прави АААВМУ, претходно Советот за радиодифузија на Република Македонија, покажуваат дека преку 95% од населението во Република Македонија ги користи услугите на ОЈЕКМ, IPTV, DVB–T, DVB-S и многу е мал процентот на оние кои програмата ја следат терестријално со класична антена, така да кај нас и многу мали населени места имаат оптички кабел. Но, во иднина, рече, ако продолжи овој тренд да телевизиите на регионално ниво ги заменуваат дозволите за емитување преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, можеби Агенцијата ќе треба да направи анализа дали постои заинтересираност од други субјекти за дигитално терестријално емитување преку операторот ОНЕ и во регионите каде телевизиите ја заменија дозволата, да се распише конкурс.

Г-дин Петрушевски рече дека полека се зголемува бројот на барањата за доделување на дозволи за телевизиско емитување на програмски сервиси преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс и дека е малку загрижувачки ако вака продолжи и во иднина.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-875 од 24.06.2015 година и едногласно донесе Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на регионално ниво, на подрачјето Д3 – Туртел (Општина Пробиштип, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица,

Општина Штип, Општина Чешиново-Облешево, Општина Карбинци, Општина Зрновци, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Пехчево, Општина Берово), на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, ул. „Гоце Делчев" бр.44, Штип, со ЕМБС 4698096 и ЕДБ 4029993113592, со текст како што беше предложена.

Советот констатира престанок на важност по сила на закон на дозволата за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип.

Телевизискиот програмски сервис ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

Се задолжи Секторот за правни и економско финансиски работи во соработка со Секторот за информатичка поддршка и општи работи, со допис да ги извести сите ОЈЕКМ што не користат ограничен ресурс, кои ја вршат дејноста во подрачјето за коешто е доделена дозволата, односно подрачјето Д3, да склучат договори за емитување со ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, почитувајќи ги принципите на објективност, транспарентност и недискриминација, согласно член 77 став 6 од Законот.

Се задолжи Секторот за правни и економско финансиски работи, да испрати известување до операторот ОНЕ дека престана да важи претходната дозвола за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс на ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, доделена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за правни и економско финансиски работи да испрати допис до оператор ОНЕ, со кој ќе побара во иднина да се коригира досегашниот износ за горенаведениот субјект на фактурата за сигналот кој го доставуваше, односно истата да се намали.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

Подготвил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирал: Маја Дамевска
Одобрил: м-р Драгица Љубевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

Бр. 02-4174/5
06.07.2015 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**